$$\rightarrow (\forall x, y)\, x+y=(x+y)\ (e+e)=y\,x+e=e+y\,x$$
$$=(e+e)\ (y+x)=y+x,$$

т. е. дека $(M,+)$ е комутативен групоид; во тој случај пак, очигледно е дека „·" и „+" се меѓусебе комутативни.

Аналогно се покажува дека и од (28) следува комутативносста на групоидот $(M,+)$, а во тој случај, „·" и „+" се меѓусебе симетрични.

Од сето тоа, следува дека за добивање резултати кои се стриктно поврзани со релациите определени погоре, нужно е да се внесат поопшти претпоставки од тоа $(M,\cdot)$ да е група.

§ 5 Примери

Пример 5·1 Нека $M=\{a,b,c\}$, а операцијата „·" определена со:

1:°

·	a	b	c
a	a	b	c
b	b	a	c
c	c	a	b

;

2°:

·	a	b	c
a	a	b	a
b	b	a	c
c	c	a	b

;

3°:

·	a	b	c
a	a	b	c
b	c	a	a
c	c	a	a

Лесно се покажува дека во првите два случаи не постои операција „+" комутативна со „·", а различна од неа. Во третиот случај, елементите a и c се десно асоцијативни, па затоа операциите „$\cdot a$" и „$\cdot c$" определени со шемите

·a	a	b	c
a	a	c	c
b	c	a	a
c	c	a	a

·c	a	b	c
a	c	a	a
b	a	c	c
c	a	c	c

се лево комутативни со „·"; тие се и единствените операции со таа особина.

Пример 5·2 Нека $M=\{a,b,c,d\}$, а $(M,\cdot)$ определен со шемата

·	a	b	c	d
a	a	b	c	d
b	a	b	c	d
c	c	d	a	b
d	c	d	a	b

Лесно се покажува дека тој групоид е полугрупа (да се види на пример, [3] стр. 149). Од шемата е очигледно дека таа полугрупа е десно редуцибилна, со десно редуцирано множество $M''=\{a,b\}$ и $c''=a$, $d''=b$. Спрема 1·17, на секое пресликување ψ од M'' во M му кореспондира една операција „+" лево комутативна со „·", а и обратно. Такви пресликувања има 16 и тоа: